| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Од зрно до леб |
| **Содржина на денот** | Припаѓа-неприпаѓа |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Оспособување на детето да биде внимателно и да ги препознава местата кои што се опасни по здравјето и како да ги избегнува истите. Навикнување да избегнуваа блиски контакти со деца и возрасни. |
| **Активност** | За оваа активност ќе Ви бидат потребни стари детски списанија или флаери каде заедно со Вашето дете ќе исечете еднородни сликички(пр:домашни животни, диви животни, зеленчук, овошје итн).<br>Потоа одберете еднородни слики, а помеѓу нив ставете слика која не одговара на тоа множество. Пр:ставете слики на домашни животни, а помеѓу нив ставете едно шумско животно. Поставете му го следното прашање на детето: Што не припаѓа во ова множество?. Кога детето ќе даде точен одговор, дајте му опција да стави слика од домашно животно. Посочете му да одговара со целосни и јасни реченици, користејќи ги математичките поими: „припаѓа и неприпаѓа“, а притоа да објасни зошто таа слика не припаѓа во тоа множество.<br>Можете да користите и предмети кои се наоѓаат во Вашиот дом(пр:во еден обрач кој ќе претставува множество ставете прибор за јадење и четка за миење на заби). Праштајте го детето што не припаѓа во тоа множество, потоа дајте му предмет кој ќе припаѓа во тоа множество и истиот да го замени.<br>Играјте говорна игра која се состои во тоа што на детето ќе му кажувате зборови кои се од ист род и еден збор кој не припаѓа во тој род пр: зелка, кромид, морков, камен, грашок итн. Детето треба да каже кој збор не припаѓа. Потоа детето нека кажува зборови, а Вие погодувајте.<br>Во прилогот со фотографии можете да му испринтате на детето работни листови каде треба да го прецрта предметот кој не припаѓа во тоа множество. |